РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-702/6
14-07-2025

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр.09-702/1 од 05.02.2025 година, оформен по пријава против службеното лице -------- – член на Управен одбор на -------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирано постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-702/1 од 05.02.2025 година, е оформен врз основа на пријава од Министерство за ----------, каде што на 23.01.2025 година е заведена анонимна иницијатива која Министерството ја препраќа на надлежно постапување на ДКСК. Во истата се изнесени наводи за неправилности во работењето на ------------, во која меѓу другото има и наводи за постоење на судир на интереси кај лицето -----------, член на Управен одбор на -------------. Се наведува дека --------- во постапката за вработување на лицето -------------, на работно место – -------------, одлучувала и како член на Комисијата за избор во постапката за вработување, а подоцна истата ја потврдила Одлуката за избор, како член на Управен одбор на -------------. Во пријавата е наведено и дека вработеното лице ----------- е сопруга на сметководителот --------------. Понатаму, од Министерството за ---------- појаснуваат дека во пријавата која ја доставуваат во прилог, има повеќе наводи, за кои надлежни се други институции, до кои исто така е доставена наведената пријава за надлежно постапување, а од ДКСК се бара да испита дали постои судир на интереси.
Од обезбедената документација од -----------------, се констатира следново:

Пријавеното лицето ------------- е избрана на член на Управен одбор на --------------, како претставник на установата со Одлука за дополнување на Одлуката за именување на членови на Управен одбор ----------------- со бр. 27-8604/1 од 11.07.2022 година.

Понатаму, лицето ---------------- е вработена во Сектор стручна служба -----------, Одделение за инвентаризација на книжен фонд во постапка по Јавен оглас со број 01/2024 за вработување на едно лице на неопределено време. Видно од доставениот Записник од Состанокот на Комисијата за постапка за вработување со бр. 02-20/1 од 03.01.2025 година е утврдено дека лицето ------------- била Претседател на истата комисија, ------------ и ------------- членови, а -----------, ---------- и ----------------, биле нивни заменици.

До Државната комисија е доставена Изјава за изземање од лицето ------------, со бр. 03-58/1 од 20.01.2025 година, која била доставена до Управниот одбор на ------------, а во насока изземање од учество на седницата на Управниот одбор кога ќе се разгледува точката бр. 6, односно приговорите поднесени на Одлуката за избор на вработување по јавен оглас. Наведеното е евидентирано и во Записникот од седницата на Управниот одбор одржана на 21.01.2025 година.

Лицето ---------, за кое во пријавата се тврди дека е сопруг на ----------, според добиената документација е утврдено дека не учествувал во ниту еден дел од постапката за вработување на спомenатото лице.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба се констатира дека лицето ----------- не се нашла во состојба на судир на интереси, односно со своето изземање од делување во Управниот одбор, по точка кога се разгледувале приговори поднесени на Одлуката за избор на вработување по јавен оглас, во кој јавен оглас истата била во Комисијата за постапка за вработување, постапила согласно член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради тоа ДКСК оцени дека наводите од пријавата за судир на интереси кај член на Управен одбор на ЈУ ---------, ------------- не се потврдуваат и не е констатирано постапување спротивно на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З. – раководител